ЈП ПЛАВАЈА РАДОВИШ

# ИЗВЕШТАЈ
За реализација на програмата за јавна чистота во деловната 2014 година

30.01.2015 година

# ВОВЕД

По завршувањето на каландерската 2014 година ЈП изготвува извештај за реализација од Програмата за јавна чистота.

Со максимално ангажирање на целото раководство при ЈП Плаваја покрај сите аномалии што се појавија во текот на годината, целосно се исполни Програмата за 2014 година.

Врз основа на чл12 од Законот за јавна чистота Сл. весник на РМ бр. 111/08 и чл.22 ст. 4 од Статутот на Општина Радовиш Службен гласник бр. 5 од 2002 година ЈП Плаваја Радовиш изготви предлог програма за јавна чистота.

Врз основа на ова програма ЈП Плаваја Радовиш ги исполни своите активности потпомогнати од Локалната самоуправа и Градоначалникот на Општина Радовиш.

## ЈАВНА ЧИСТОТА

Според Статутот на ЈП Плаваја Радовиш, Јавна чистота ги опфака следните сектори

1.Подигање и депонирање на смет
2.Метење и миење на јавно прометни површини
3.Сточно пазариште
4.Градска депонија
5.Диви депонии

Подигањето и депонирањето на сметот ЈП Плаваја го врши на сите правни и физички лица во град Радовиш, а во другите населени места не се подига, поради неусогласеноста на ЈП Плаваја со Месните заедници во однос на цената иако тоа го наложува Законот.

Подигањето на сметот се врши со однапред изготвен оперативе план за секој реон т.е. точно се знае во кој ден од неделата се подига сметот.

Градот е поделен на три реони и тоа:

а)Во првиот реон е централното градско подрачје и овде сметот се подига четири пати неделно, а на одредени места и секој ден.

б)Во вториот реон сметот се подига еднаш неделно и тоа ги опфака повисоките зони во градот.

в) Додека третиот реон го опфака индустријата на градот со малото стопанство.

Овде сметот се подига повеке пати во неделата према потребите на фирмата.

Подигањето е со специјални возила (контењерки) и трактори наменети за таа цел.

Во 2013 година беа набавени две половни возила за собирање на сметѕ, но по кратка експлотација се расипа И се прават напори како да се оспособат во најбрз временски период.

Подигањето на сметот се продолжи со старите возила кои често се расипуваат и се во лоша физичка состојба.

Подигањето на сметот на град Радовиш се врши на површина од 780.105 м2 од физички лица и од 120.173 м2 од правни субјекти. Подигањето го вршиме со контењери од 1,1 м3 зафатнина во Централното градско подрачје, а во другите реони каков сад поседува имателот на услугата (корито, буре и се друго).

ЈП Плаваја моментално располага со 130 контењери и се во многу лоша состојба бидејки подолг временски период не се заменети, сето ова се случува да

граганите намерно  фрлат недогорена пепел која брзо го распалува сметот, а други пак ставаат шут- рушевини од реновирање на своите домови.

Чест проблем кој ни се случува е што несовесни гргани ги вадат тркалата и поклопците и ги продаваат како старо железо, а самите контењери ствараат грда слика на секој минувач.

ЈП Плаваја направи напори да набави поголема количина на тркала и да ги замени, но сето ова траеше за кратко, бидејки беа извадени и продадени.

Во другите реони граганството  не користи типизирани садови туку сметот го складираат  во разни (буриња, корита и друг инвентор) со што многу го отежнува подигањето на сметот.

Во 2014 година ЈП Плаваја  вршеше вонредно  исфрлање на смет од граганството (стари кревети шпорињa и друго)  но на овој апел многу слаб беше одзивот.

Годишно на територијата на Радовиш се подига и депонира  околу 4700 тони смет и околу 100 тони шут и друг отпад, кои се фрла во неработни денови.

**2.Метење и миење на улиците**

Со ова фаза се опфатени сите улици кои се во програмата за јавна чистота. Чистењето се врши на класичен начин со метла и количка, и се врши по претходно направен распоред и време.

На потесното градско подрачје  се мете секој ден бидејки фрекфенцијата на луге е многу голема, и тоа се прави од 05 часот  наутро во летниот период а  од 06 часот во зимскиот период.

Во другите реони се врши еднаш неделно и еднаш месечно како што е опфатено со програмата.

Согледувајки го менталитетот на граганите од една страна, а и пристапните патишта до самиот град на главната коловозна лента (кал земја а со тоа улиците изгледаат како воопшто да не се чистени.

Нечистотија стварат и граганите  кои  на тротоарите оставаат дрва, песоци и градежни матерјали а при секој пообилен дожд улиците се нечисти и со голем талог на песок и кал.

Голем проблем ни стварат водотеците како на пример “шаин маало” “Партизанска”, “ Лисец”,  “11ти октомври”.

При секој обилен дожд улиците во градот ги полнат со секаков талог.

Ние како јавно претпријатие секогаш одма реагираме на секој пороен дожд со сета своја механизација и расположлива  работна сила. По отстранувањето  на наносот по овие улици често се врши  миење со цистерна.

**Сточно пазариште**

Сточното пазариште е во непосредна близина на ЈП “Плаваја”, и одржувањето е на ЈП Плаваја.

Како минатите  години  И ова година вон его имавме направено поила за вода за стоката, рашпи за врзување на добитокот.

Но следејки ја неговата намена и намалениот сточен фон во Радовиш многу малку се користи од страна на сточарите, во одредени денови нема ни стока за продавање.

Ние како ЈП еднаш месечно го чистиме од направениот отпад.

Поставивме две влезни метални врати но за кратко се извадени и продадени како старо железо.

Поради сето ова што се случува во самото пазариште се намалени и трошоците за негово одржување.

**Градска депонија**

Градската депонија е составен дел на Програмата за јавна чистота чие одржување и користење е во надлежност на ЈП Плаваја. Депонијата е во непосредна близина на градот т.е. само 3 км оддалеченост. Овде вршиме складирање и депонирање на целиот отпад, шут, земја и се друго.

Ова депонија е од времен карактер на користење и со лош пристапен пат, иако во неколку наврти ЈП вршеше санирање но патот И понатаму е во лоша состојба, поради немање на канафки за изводнување а местото каде што беа направени го узурпираа местото сопствениците на парцелите до патот.

Депонијата е со површина од 50.000 м2 од која 30.000 м2 е корисна површина и целокупниот отпад што се собира
се депонира на тој простор.

Годишно на депонијата се депонира 4700 тони отпад кој е регистриран во нашата евиденција, и 100-150 тони отпад од други правни и физички лица кои се фрла на диво.

Депонијата е оградена со цементни столбови и жица.

Оваа година вршевме санирање на неколку наврати, бидејки беа украдени столбови и жица.

Имаме поставено стражарска служба И тоа зимскиот период од 8-17 часот и летниот период од 07-20 часот.

Голем проблем ни претставуваат собирачите на старо железо И пластика кои ги има во голем број, па овие луге многу често ни прават проблем бидејки депонијата ја запалуваат и сме принудени да интервенираме бидејки се ствара голем чад и лоша смрдеа.

Градската депонија е од времен карактер и се чекаат поволни услови да се отвори регионалната депонија Добрашинци, каде ке се носи целокупниот отпад од Радовиш.

**Диви депонии**

Покрај силните напори на ЈП Плаваја и во соработка со инспекциските служби при ЕЛС Радовиш дивите депонии се намалени и остана само уштен а патот за планината Плачковица и полигонот АМСМ.

Ова депонија во два наврати ја чистивме со своите расположливи средства и беше исфрлено околу 50 м3 различедн отпад, но без некој посебен ефект, бидејки истите пак ги обновуваат.

На крајот може да се констатира дека деловната 2014 година ЈП Плаваја успешно и одговори на своите поставени обврски по Програмата за јавна чистота и другите активности што се во нивна надлежност.

Изготвил | ЈП Плаваја Радовиш
Директор

Горгиев Камче | Миленков Драги